Проф. Софија Петковска

МОРАЛОТ-ОЛИЦЕТВОРЕНИЕ НА ЕТИЧКОТО УЧЕЊЕ КАЈ АНТИЧКИТЕ ФИЛОЗОФИ И ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ НА МЛАДИОТ ЧОВЕК ВО 21 ВЕК

-семинарска работа-



2012 година

Содржина

Содржина......2

ВОВЕД......3

АНТИЧКИ ФИЛОЗОФИ......6

ДЕМОКРИТ......6

СОФИСТИ......7

СОКРАТ......8

ПЛАТОН......8

АРИСТОТЕЛ......10

ЕПИКУР......11

СТОИЦИЗАМ......12

СМИСЛАТА И ЕТАПИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА МОРАЛНОТО ФОРМИРАЊЕ......12

ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ......13

СОДРЖИНИ НА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ......14

ЗАКЛУЧОК......15

Користена литература......17

<u>ДОБРОТО</u> *Е* ЦЕЛ на *СЕ* **што** постои

и **НА секоја <u>ДЕЈНОСТ</u>**-*Аристотел*

ВОВЕД

Во оваа семинарска работа јас ќе пишувам за етичките учења на големите антички филозофи,а воедно ќе зборувам и за моралот како дел од животот на младиот човек во 21 век.

Со оглед на тоа што предметот кој го слушам во овој четврти семестар носи наслов Педагошка етика,очигледно е и од мене,дека ќе зборувам за нешто педагошко,но и за нешто филозофско,од аспект на етиката и моралот.

Она што е филозофско во мојата семинарска работа е делот во кој ќе ги опишам учењата на најпознатите антички филозофи,но притоа јас нема да се задржам на нивните филозофски учења,туку само на оној дел во кој тие зборуваат за етиката и моралот.Секако,во контекст на напишаното,со голема чест и задоволство ќе цитирам и дел од нивните најдобри и најпознати етички мисли.

Делот во кој се посветувам на педагогијата е оној дел во кој на најсистематски начин пишувам за тоа кои се задачите на моралот,на кој начин младиот човек може и треба морално да се воспитува итн. За да можам да зборувам за етичките учења на познатите антички филозофи,јас морам да кажам и збор два за тоа што е филозофија,што е етика,а што морал.

Човекот не може да живее само од лебот.Се разбира дека на секој човек му е потребна храна и дека на секој човек му се потребни љубов и грижа,но постои и нешто друго- надвор од тоа што му е потребно на секој човек,а тоа е да сфати кој е,за што живее и се бори на овој свет,како правилно да се однесува итн.Некаде длабоко во нас нешто ни вели дека животот е огромна загатка.Филозофот никогаш сосема не се навикнува на светот.Затоа филозофите и малите деца имаат една значајна

заедничка способност.Може да се рече дека во текот на целиот живот филозофот е чувствителен ккао мало дете.Па сега,мора да избереме-или ќе бидеме деца кои сеуште не сме се умориле од светот,или пак ќе бидеме филозофи кои што ќе дадеме заклетва дека никогаш нема да се умориме од светот,дека никогаш нема да престанеме да прашуваме.

Имено,сите го поставуваат прашањето-што е филозофијата? Филозофијата потекнува од двата грчки збора *Filia* (пријателство,љубов) и *Sofia* (мудрост).Па, според етимологијата на овој збор,можеме да заклучиме дека филозофијата е *љубов кон мудроста*.Како дел од филозофијата се појавува етиката,а како дел од етиката е моралот.

Етиката е филозофска дисциплина која го изучува *моралот и доброто*.Етиката помага луѓето да си ја најдат вистинската патека во животот и,ако треба,да се поправат.Нејзините правила се викаат *етички норми*.Секој мора да научи да ги препознае спротивностите на Доброто и Злото и да прави вистински избор-да го следи она што е добро,а да го избегнува она што е зло.Етичкото образование е составен дел од изградбата на зрела,слободна и одговорна личност.Со етичките знаења човекот ќе го избере вистинскиот пат во животот,ќе работи добро,ќе ја чува животната средина и правилно ќе се однесува спрема луѓето.Инаку,етимолошкиот корен на зборот етика произлегува од старогрчкиот збор *ethos* што значи обичај,а прв го употребил големиот антички филозоф Аристотел,кој воедно се смета и за втемелувач на етиката како филозофска дисциплина.

Моралот пак,е облик и свест на поединецот со кој во една поширока или потесна заедница се дефинираат вредносно втемелените *принципи и правила на однесување.*Суштината на моралот е да се препознае она што е добро,да се сака доброто и добро да се постапува,како и да се открива,критикува и отфрла се она што е лошо и злобно.Моралот им правила за правење на доброто и за избегнување на злото.Со моралот човекот правилно гледа на животот,а тоа е истовремено и извор на енергијата со која човекот го прави доброто.Кога е морален,човекот се чувствува

спокојно,достоинствено,возвишено,се самопофалува и другите го пофалуваат. Позитивниот морал е основа за добриот,благороден и среќен живот на луѓето.Етимолошкиот корен на зборот морал произлегува од латинскиот збор *mos* што значи обичај,што воедно претставува превод на старогрчкиот збор етос.Зборот морал во рамките на филозофијата прв го употребил големиот римски оратор,филозоф,политичар и правник Марко Тулиј Цицерон(или Кикерон,според класичниот изговор на латинскиот јазик).

Во поглед на моралното воспитание на младиот човек пак,може да се каже дека младиот човек мора да се формира во склад со општествените норми и обичаи.Тоа е една од основните,фундаментални,општествени задачи.Секој педагог знае дека многу е полесно да се поучува,отколку да се воспитува.Воспитувачот мора да ги спречи лошите влијанија и да формира нови позитивни морални квалитети. Процесот на моралниот развој опфаќа формирање на морална свест,морални уверувања и ставови,однесувања и делувања,т.е. морална личност и карактер. За да успееме не е доволно само добра волја,туку е потребно и знаење,умешност и општествена подршка. Наставникот воспитувач мора да ги познава општествените морални норми,своите ученици,мора да ја познава етиката и психологијата,а посебно моралниот развој,смислата и етапите на моралното формирање,целта и задачите на моралниот развој.

Од сето ова погоре напишаното,може да се заклучи дека моралот е составниот дел на животната практика,а етиката-теорија на таа практика.

А во контекст на моралноста и етичноста,би сакала да го завршам мојот воведен дел во оваа семинарска работа со тоа што ќе цитирам една етичка мисла.Таа мисла не е од некој познат антички филозоф,но сепак би сакала да е дел од мојава семинарска работа,затоа што таа е еден од моите најомилени филозофи и етичари.Имено,станува збор за Мајка Тереза,па еве вака го завршувам мојот воведен дел- *НЕ* **МОЖЕМЕ да** *ПРАВИМЕ ГОЛЕМИ* **нешта,но** *МАЛИТЕ МОЖЕ ДА* **ГИ ПРАВИМЕ со ГОЛЕМА ЉУБОВ!**

АНТИЧКИ ФИЛОЗОФИ

ДЕМОКРИТ

Демокрит потекнува од малото гратче Абдера,во северниот дел на Егејското море.Тој бил застапник на интересите на грчката демократија.Тој не наоѓал смисла во менливите телесни задоволства,туку во духовните,кои се заосновале врз разумот.Барал умереност и сталоженост. Раководејќи се од својот разум,човекот можел да постигне многу,но важно било во какви услови живеел.Според него,демократијата е најдобар поредок за развивање на човекот и за постигање на среќа во животот.Тој велел: ***,,Треба да се настојува околу богатството на мислите,не околу богатството на знаењето."[1]***Исто така кажувал: ***,,Доброто и вистината е иста за сите луѓе,а пријатноста е различна,на некој пријатно му е ова,на некој она."*** [2]Велел: ***,, Убава е во се вистинската мера-прекумереноста и недостатокот не ми се мили. Најдобро за човекот е да го мине животот што повеќе во добра расположба,а што помалку во нерасположба.А така би можел да биде кога своите наслади не би ги барал во минливи ствари."[3]***Исто така сметал: ***,, Со нагоните е тешко да се бориш,но да се одржи победата,е ствар на мисловниот човек.Сиромаштвото во демократијата е толку повредно од таканаречената благосостојба кај владетелите,исто колку што слободата е повредна од ропството."[4]***

---

[1],Јосифовски Ј. ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*",Фрагмент 65,стр. 250

[2],Јосифовски Ј. ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*",Фрагмент 69,стр. 250

[3],Јосифовски Ј. ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*",Фрагмент 102 и фрагмент 189

[4],Јосифовски Ј. ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*",Фрагмент 236 и фрагмент 251

СОФИСТИ

Софистите биле платени учители,кои живееле во времето на познатиот филозоф Сократ.Тие сметале дека среќата се состои од сетилно задоволство,а според ова може да се каже дека тие биле *хедонисти*-луѓе кои уживаат во телесните уживања.Се застапувале за етички релативизам.Во областа на политиката софистите ги бранеле правата на слободните граѓани,а некои од нив и на сите луѓе,вклучувајќи ги и робовите кои имале исто така право на слободен развиток и лична среќа.Па така,во контекст на етиката и етичкото учење на софистите,еден од најпознатите софисти Протагора ќе го каже следново: ***,, Човекот е мера на сите ствари,на она што е дека е,на она што не е дека не е.”***[5]

СОКРАТ

Сократ е еден од најпознатите антички филозофи на своето време.Тој бил роден и целиот свој живот го поминал во Атина.Никогаш ништо не напишал,а за неговиот живот дознаваме преку делата на неговите ученици,од кои најпознат бил Платон.Најпознат бил по неговиот дијалошки метод на вистината кој се сосотел од два дела *Иронија* и *Маевтика*.За Атина го велел следното***-,,Атина е како тром коњ,а јас сум коњска мува што се обидува да го разбуди и да го одржи во животот.”***[6]Неговата најпозната мисла со која останал запаметен во историјата е-***ЗНАМ ДЕКА НИШТО НЕ ЗНАМ***.

Во поглед на етиката,тој бил против етичкиот релативизам на софистите и барал етички норми што ќе важат за сите луѓе и врз кои луѓето ќе можат да се потпипраат врз оцената на своето поведение.Сметал дека за да може човекот да постапува во сообразност со добродетелта,треба да знае што е добродетел,а за да се знае што е добродетел,треба да се познава она општото што важи за сите луѓе и времиња.Значи,знаењето и

[5] Протагора, ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*”,стр 250

[6] Ј.Гордер,*Светот на Софија*,стр. 75

добродетелта се исти.Штом човекот ќе открие што е добро,тој неминовно ќе постапува добро.Учењето на Сократ е значајно за етиката и поради фактот што тој е прв филозоф што во етиката ја потенцира *совеста* како етички принцип.Тој истакнувал дека слуша внатрешен глас,глас на чиста етичка совест,што го нарекува *дајмонион*.Овој глас,во толкувањето на Сократовата филозофија,се толкува како глас на совеста,глас на чиста етичка свест,глас кој секогаш безгрешно му укажува кои постапки се морално оправдани,а кои постапки се неморални и неприфатливи.

ПЛАТОН

Платон е роден и живеел во Атина.Бил еден од најпознатите ученици на Сократ. Тој поаѓајќи за сфаќањата на душата како составена од три дела-сетилен,волев и разумски,ги дели добродетелите на умереност,храброст и мудрост.Највиша добродетел се постигнува кога кај човекот сите овие три добродетели ќе бидат во хармонија и тогаш се постигнува четвртата добродетел,*справедливоста*,што е услов да се сфати највишата идеја,а тоа е *идејата на доброто*,која е и божествен творец на светот.Сообразно со своите етички сфаќања,Платон ја изградил својата идеална држава.Тој неа ја замислувал како составена од три сталежи-Владетели,луѓе кои треба да владеат со државата,а тоа се филозофите,Војници,луѓе кои треба да ја бранат државата,а тоа се војниците и државната администрација и Работници,луѓе кои треба да се грижат за останатите,односно во оваа група спаѓаат занаетчиите и земјоделците. Платон исто така им посветува и големо внимание на жените,односно сметал дека и тие треба да се образоваат,па ќе каже: ***,,Државата што не ги образова и подучува жените е како маж што ја вежба само својата десна рака.”***[7]Во поглед на справедливоста тој ќе каже вака***: ,, Справедливоста се состои од од тоа секој да си ја врши својата работа и да не се меша во други нешта.И така ние се согласивме дека справедливоста е во тоа***

[7] Ј.Гордер,*Светот на Софија*,стр.101

<u>секој да го има своето и секој да прави она што треба.”</u>[8]А во делото ,,Федар” ,Платон ќе каже за душата дека е бесмртна,зашто она што се движи само од себе е бесмртно.Душата,па и самиот живот на човекот тој го споредува со кочија на која се впрегнати крилати бел и црн коњ.Кочијашот оди по тесна патека,а надолу има бездна.Белиот коњ сака да се вивне во небото,а црниот коњ упорно сака да ја достигне бездната.Кочијашот е тој кој ги владее и двата коња.Тој е оној кој ги држи уздите во двете раце.Уздите се симбол на животот кој секој човек ги држи во своите раце. Црниот коњ се пороците и нечесните работи во животот,а белиот коњ ги претставува добрите,чистите страни во животот.Кочијашот може да одбере да не размислува за себеси и да се препушти на судбината(црниот коњ да му го покаже патот во животот),или може да размисли и цврсто да ги стегне уздите во своите раце и самиот да биде господар на својот живот.Така ќе го скроти црниот коњ(пороците и страстите во животот ќе може да ги контролира).

АРИСТОТЕЛ

Аристотел е роден во градот Стагира,на полуостровот Халкидики.Бил ученик на Платон,а учител на Александар Македонски. Аристотел во се барал <u>средна мера(златна средина)</u>,односно ниту премногу,ниту премалку. Највиши добродетели се оние кои произлегуваат од знаењето-<u>мудроста,расудливоста и разумната дејност.</u>Освен овие добродетели тој признавал и добродетели на карактерот,какви што се <u>умереноста</u> и <u>храброста</u>. Аристотел сметал дека човекот е политичко суштество(*zoon politikon*),т.е. дека за човекот е суштествено да биде слободен граѓанин,кој учествува во работите во својот град-држава. Најдобра држава е онаа која не се потпира врз богатите,зашто големото богатство предизвикува незадоволство и бунтови од страна на бедните,но не се потпира ниту врз сиромашните,зашто во сиромаштија не може да се развива наука,ниту да се постигне благосостојба и

[8] Платон, , ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*”,стр 261

среќа на граѓаните.Најдобра е онаа држава која не ги надминува границите на градот и неговата непосредна околина и која се потпира врз средно имотните граѓани,кои треба да се што повеќе на број и да имаат што поголема сила за да ги избегнат крајностите на државата на богатите и државата на бедните. Кога Аристотел зборува за ропството вели вака: ***,,Јасно е дека извесни луѓе се определени да бидат робови,односно слободни,според тоа дали за нив корисно е да робуваат или да господарат,и,во тој случај,и оправдано и неопходно е едните да се покоруваат,а другите да владеат,на начин што го определила природата,т.е. да бидат господари.Но,злоупотребата на власта е штетна и за господарот и за робот,зашто она што му користи на делот и користи и на целоста и она што му користи на телото и користи и на душата,а робот претставува некој видлив,но одвоен дел од господаровото тело.”***[9]Аристотел сметал дека без општество околу нас ние не сме вистински луѓе,оној кој не е навикнат да живее во заедница со другите е ѕвер,а не човек.Тој зборува и за трите добри форми на државно уредување-Монархија,што значи дека има само еден владетел на државата.Тој не смее да се претвори во Тиранија,односно владетелот не смее да стане узурпатор на власта.Другиот добар облик на државно уредување е Аристократија, а тоа е држава со која управуваат помала група на луѓе-аристократи.Тој не смее да се претвори во Олигархија,кога власта ќе се препушти во рацете на помалата група моќници.Третиот добар облик на државно уредување е Демократија,што значи владеење на народот.Тој не смее да стане Власт на толпата,односно Охлократија.

[9] Аристотел за ропството, ,,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови*”,стр 276

ЕПИКУР

Се раскажува дека епикурејците живееле во една градина и биле познати под името филозофите од градината.На влезот на градината стоел еден натпис на кој пишувало-*Туѓинецу шука ќе живеешдобро.Тука задоволсшвошо е најголемошо добро*.Па така,еден од најпознатите претставници на ова движење,воедно станува збор за основачот на ова движење,Епикур,нагласувал дека задоволството сепак не мора да значи и сетилно задоволство,туку вредностите како што се пријателството и почитувањето на уметноста исто така се вбројуваат тука.Освен тоа,за уживањето во животот се потребни старите грчки идеали-самоконтрола,умереност и смиреност. Желбата мора да се заузда,а смиреноста ќе ни помогне да ја издржиме болката.Исто така Епикур им велел на луѓето да не се плашат од боговите,ниту од смртта. ***„Смршша не не засега"***-рекол Епикур,сосем едноставно***, „зашшо се додека посшоиме,смршша не е шука.А кога ќе дојде,шогаш веќе не посшоиме."*** [10]Епикурејците не покажувале никаков интерес за политиката и општествениот живот. ***„Живеј изолирано!"***-Бил советот на Епикур.Нивното мото било-***Живеј во мигош!***[11]

СТОИЦИЗАМ

Основач на стоицизмот бил Зенон.Тие сметале дека *огнош* е основа(архе) на се што постои.Според нив,се што се случува е однапред детерминирано и ништо не може да го измени текот на нештата,односно својата лична судбина.Од овие сфаќања,тие ја извеле и својата етика,со која се прочуле,а тоа е етиката на должноста. Добродетелта се стекнува со мажествено поднесување на удирите на судбината,кои не можат да се избегнат,но на кои можеме да им го противставиме својот мир и спокојство.Треба да се избегнува сето она што ја вознемирува душата,афектите-стравот,болката,телесните страсти.Стоичарите се против ропството,за укинување на државите и за создавање на една светска заедница.Па според

[10] Епикур, Ј.Гордер,*Светот на Софија*,стр 143

[11] Епикур, Ј.Гордер,*Светот на Софија*, стр 144

тоа тие се сметаат и за космополити на светот,односно граѓани на светот.Зборот *космополитизам* потекнува од старогрчкиот збор *космос*-што значи вселена,свет и *полис*-што значи град-држава.

СМИСЛАТА И ЕТАПИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА МОРАЛНОТО ФОРМИРАЊЕ

Со помош на моралниот развој настојуваме секоја индивидуа да стане целосна личност.

Моралните сознанија,означуваат морално образование,усвојување на морални поими и категории,ставови,норми,правила и принципи,формирање на поглед кон светот. Човекот не може морално да постапува ако не го разликува доброто од злото,ако не знае што е морално,а што неморално.

Добро морално воспитан е оној човек кој морално делува.Низ практичното делување го запознаваме воспитаникот и влијаеме на неговото морално формирање. Дури и Аристотел рекол***-,,Да се биде добар е дело,никој не е по природа добар,добар се станува со практично однесување кое одговара на нормите.''***[12]

[12] Аристотел.*Теорија на воспитанието,материјал за подготовка на испит за интерна употреба*,стр 36

ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Целта на моралниот развој е насочена кон формирање на слободна,хумана и морална личност,која цел живот ќе тежнее за воспоставување на вистински човечки односи,во кои човекот ќе стане највредното битие за човекот,каде ќе се цени неговото достоинство и ќе се оствари слобода,братство и рамноправност на сите членови на една заедница.

Младите луѓе,ученици,воспитаници,мораат најпрво да научат што е морално и што е морал.Тие мораат да знаат дека моралот е потребен во животот,дека без него не е можен животот на човекот како општествено суштество,дека унапредувањето и почитувањето на моралните односи е примарна задача на секој поединец.Воспитаниците мораат да ги научат фундаменталните принципи-принцип на хуманизам,согласност на мисли,зборови и дела итн.

СОДРЖИНИ НА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Содржините на моралниот развој се-воспитание во духот на хуманизмот,воспитание во духот на интернационализмот,воспитание во духот на патриотизмот,подготвување за општествен живот,припремање за општествен живот,формирање на позитивен однос спрема работата и формирање на позитиен однос спрема духовните и материјалните вредности.

Хуманизмот доаѓа од латинскиот збор *humanitas*,што значи *човечност.* Хуманизмот ги прокламира правата на човекот,другарство,пријателство,верба во човекот,права и еднаквост помеѓу народите и сл.

Интернационализмот е позитивен став кон сите други народи,нивното минато и сегашност,нивните заслуги и вредности.

Патриотизмот е љубов спрема татковината,својот роден крај и народот.Ј.Б.Тито кажал***-,,Кој не īо сака својоū народ,не верувам дека може да сака било кој друī народ."***[13]Па така,според ова,должност на наставникот е да ја негува и развива љубовта спрема татковината,нејзините богатства,културни вредности итн.

Младите луѓе треба да ги запознаеме со нормите на брачниот,општествениот и надворешниот живот.Мораме да настојуваме тие да добијат јасна слика за бракот,љубовта,семејството,околината,меѓутоа се со цел во нив да се формираат племенити чувства.

Младиот човек треба да се припреми за живот во човекова заедница и да се формира како општествено суштество.Треба да се нагласи во овој дел дека,во заедничкиот живот не смее да се потисне личноста на поединецот,нејзините права и слободи.

Кај ученикот треба да се формира и позитивен однос кон работата.Родителите често грешат кога ги ослободуваат децата од работа.Така ги навикнуваат на паразитизам и на неред.Никогаш не треба да се бега од работата и тоа треба да биде основно начело во учењата на младите луѓе.

Секогаш треба да настојуваме младите луѓе да се грижат внимателно кон книгите,наставните помагала,мебелот,треба да посетуваат книжари,читални,музеи, галерии, изложби и други културни манифестации.

[13] Ј.Б.Тито, *Теорија на воспитанието,материјал за подготовка на испит за интерна употреба*,стр 45

ЗАКЛУЧОК

Од се ова погоре напишаното,може да се заклучи дека многу нешта од познатите антички филозофи можат да се сретнат и во денешниот,современ и модерен свет,свет во кој е многу тешко да опстанат тие морални и естетски вредности,бидејќи денешниот млад човек можеш ретко да го видиш во некој музеј,во библиотека или некоја читална.Тие вредности се повеќе се губат.

Но ете,сепак нешто останало од времето на античкиот свет,нешто кое што се уште се цени,нешта кон кои современите етичари,филозофи,професори и педагози се стремат да го научат младиот човек.

Па бидејќи сум иден педагог,треба да се стремам младите добро да ги воспитувам.Прочуениот антички математичар Питагора ја има напишано најпрочуената етичка творба за младите-**ЗЛАТНИ ЕТИЧКИ СТИХОВИ**,поема која ја учат младите генерации од Антиката до денес,и песна која би им ја кажувала на идните генерации,во мојата воспитно-образовна дејност:

Размисли пред да почнеш,да не направиш глупост-

на човекот му е својствено да работи и зборува лудо.

Прави го она што подоцна нема да те мачи!

Не треба да го запоставиш телесното здравје-

но во јадењето,пиењето и вежбањето умерен биди.

Мера е она што нема да ти создаде мака!

Навикни се да живееш чист,кроток,доблесен живот!

Внимавај да не го правиш она што алчноста ја буди!

Немој без потреба да трошиш,ниту,пак,скржав биди-во се е најдобра мерата...

Не дозволувај сонот врз твоите нежни да се спушти очи-

пред да направиш преглед на денот што изминал:

Каде згрешив?Што направив?Што пропуштив?

Ако си направил зло,прекори се,ако си направил добро радувај се!

Во тоа вежбај се,тоа прави го и кон тоа стреми се:

Таквиот пат ќе те изведе на патот на *божествената добродетел*.

Користена литература

-Платон,*Федар или за убавината*,Македонска книга,Скопје,1976

-Т.Кирил,*Етика за 6 одделение*,Министерство за образование и наука на Република Македонија,Скопје,2010

-К.Марија,*Теорија на воспитанието,материјал за подготовка за испит(за интерна употреба)*,Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”,Скопје,2004

-Ј.Јонче,*Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофијата и одбрани текстови трето издание,*Просветно Дело,Скопје,1985

-Ј.Гордер,*Светот на Софија(роман за историјата на филозофијата),*Три, Скопје,2002

-Забелешки од предавањата по Педагошка Етика